# ЗА ПОВОДОТ – ШЕЕСЕТ ГОДИНИ АСНОМ

*Овој број на* ***Годишниот зборник*** *на Филозофскиот факултет е посветен на јубилејната шеесетгодишнина од одржувањето на историското Прво заседание на АСНОМ – неодминлив и незаборавлив настан во историското паметење за темелите на современата државност на македонскиот народ и неговиот слободен развој.*

*Токму тој ден, 2 август 1944 година во манастирот „Св. Прохор Пчински", најстариот по години член на Иницијативниот одбор и учесник во Илинденското востание и Народноослободителната војна го отвори Заседанието со вдахновен говор поврзувајќи ги двата илиндена и завршувајќи го со зборовите: „Денеска на вториот, славен Илинден, последен Илинден на неослободена Македонија, се ставаат темелите на македонската држава, во која да се обедини и заживее нашиот народ онаков среќен живот каков го заслужува по своите претрпени ропски маки и петвековна борба".*

*Всушност, современата македонска држава започна да се создава само на територијата на Вардарскиот дел од географска и етничка Македонија каде историскиот и општествен контекст овозможуваше услови за организирана борба на прогресивните сили, предводени од Комунистичката партија. Така беше формирано антифашистичко национално-ослободително движење. Тоа беше поврзано со антифашистичките ослободителни движења формирани кај другите југословенски народи. Народноослободителната војна на македонскиот народ и на другите југословенски народи стана дел од антифашистичката коалиција која водеше борба со фашистичката оска – Берлин, Рим – Токио.*

*На овој факт малку се укажува иако тоа јасно доаѓа до израз во поздравниот говор на мајорот Сричка во името на американската и англиска воена мисија во Македонија што го одржа на Првото заседание на АСНОМ: „...Нас многу не весели што сме заедно со вас. Не радува што можеме да ви дадеме што повеќе оружје и воен материјал за уништувањето на Хитлер и неговите помагачи. Големите и херојски партизански борби во Југославија ... познати се на англискиот и американскиот народ. Исто така познато е оти македонскиот народ, под водство на Главниот штаб на чело со генерал Апостолски, зема важно место во овие борби...". А на Второто вонредно заседание на АСНОМ, што се одржа на 28 декември 1944 година, претставникот на Американската воена мисија, мајорот Дикенсон, поздравувајќи го Заседанието, истакна дека е среќен што гледа една нова држава која се ослободила од фашизмот и ја отпочнала работата за своето изградување. Со слични говори се обратиле и претставниците на Англиската и Советската воена мисија – мисии кои биле овластени од сопствените влади да ја следат борбата против фашистичките окупатори.*

*На овие познати факти потсетуваме со цел да се укаже на фактичкото признавање на формирањето на современата македонска држава под називот „Демократска федеративна република Македонија", од страна на најрелевантните држави од антифашистичката коалиција и секакво подоцнежно,*

*а уште повеќе сега по 60 години, доведување во прашање на признавањето на името Република Македонија е анахроно и спаѓа во сферата на идеолошко-политичката пропаганда со што се прави темелна неправда.*

*Државнотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ најдобро може да се согледа и од донесените девет законски акти, кои овде само таксативно ќе се наведат: Решение за утврдување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија; Декларација за основните права на граѓаните на Демократска Македонија; Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава; Правилник за работа на АСНОМ; Решение за Државна комисија за утврдување на престапките на окупаторот и неговите помагачи; Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од ГШ на НОВ и ПОМ и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ; Решение за оддавање на признание и благодарност на народноослободителната војска; Решение за прогласувањето на Илинден – 2 август за народен државен празник на македонската држава.*

*Овие историски одлуки на АСНОМ кои натаму се развиваа и применуваа во практиката го одредија правецот на развој нација – држава што по правило беше традиција на мнозинството европски држави. Тие беа темелот на создавање на економски, социјални, политички, образовни и културни институции што го создадоа општествениот систем, односно што овозможи не само општествена туку и системска интеграција. Од тој период на конституирање на македонската држава па се до почетокот на деведесетите години на минатиот век, таа се развиваше како федерална рамноправна членка на југословенската федерација со пренесен дел од суверенитетот, пред сè, во поглед на одбраната (армијата) и надворешната политика. Со референдумското изјаснување на 8 септември 1991 година, Македонија го поврати и тој дел од нејзиниот суверенитет.*

*Меѓутоа, настапи нов општествен контекст, контекст на транзиција и глобализација во кој почнаа да се проблематизираат одредени темелни вредности на АСНОМ, почнувајќи од името на државата, нејзиниот унитарен карактер, посебно нација-држава итн. Тука се поставуваат низа прашања меѓу кои овде ќе се спомнат: Зошто се избра моделот на приватизација кој не доведе до развој на економијата, напротив, до се поголемо опаѓање на производството, зголемување на стапките на невработеност и сиромаштија и порастот на корупцијата? Зошто се појави конфликтот во 2001 година, кој стоеше зад него и го контролираше и со кои цели? Дали и колку тнр. рамковен договор значи негирање на одредени одлуки и придобивки од НОБ и АСНОМ и значи раздржавување на Република Македонија? Кои се актерите внатре во Република Македонија, во опкружувањето и во глобални рамки на таквата инволуција на македонската држава? Каде оди Македонија?*

*На овие и слични прашања е неопходно критички насочената мисла и општествена наука да даде одговори, бидејќи без тоа иднината е слепа, а историската одговорност е неодминлива.*

Претседател на Редакцискиот одбор
*Проф. д-р Петре Георгиевски*